**Лабораторија за организација на компјутерски системи и компјутерски мрежи**

Табела за преглед на инфраструктура/опрема

| | **Детали** |
|---|---|
| **Партнер** | Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола,<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии |
| **Тип на опрема** | Лабораториска опрема за организација на компјутерски системи и компјутерски мрежи |
| **Целна група** | Стартапи, индустриски компании, јавна администрација и истражувачи |
| **Клучна технологија** | Организација на компјутерски системи, системски софтвер, компјутерски мрежи, вештачка интелигенција, сајбер безбедност |
| **Статус** | Достапно за користење |
| **Предуслови за користење** | Релевантен проект или потреба, основни технички познавања |

---

**Опис на инфраструктурата/ опремата**

Целта на Лабораторијата за **организација на компјутерски системи и компјутерски мрежи** е студентите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии (ФИКТ) и други заинтересирани лица да стекнуваат практични знаења, вештини и способности преку одржување на лабораториски вежби и истражувачка работа, а со кои можат да одговорот на потребите на пазарот на труд. Во лабораторијата, првенствено се одржуваат лабораториски вежби по предметите од областите на организација на компјутерски системи, архитектура на компјутерски системи, системски софтвер, компјутерски мрежи, информациски системи, процесирање на податоци, вештачка интелигенција и интелигентни системи, роботика, кориснички интерфејси, сајбер безбедност и безбедност на оперативни системи и мрежи.

Лабораторијата ја користат студенти на Факултетот на прв, втор и трет циклус за настава, научно-истражувачка и применувачка работа.

Лабораторијата е опремена со 20 компјутери. Лабораторијата располага со мрежна опрема за тестирање на сајбер безбедност: Raspberry Pi – 2 парчиња, UltraBlock SATA/IDE Kit – 1 парче, UltraBlock PCIe Kit with PCIe SSH Adapter bundle – 1 парче, UltraBlock USB3 Kits – 1 парче.

Virtual assistant Alexa, 2 парчиња се користат за тестирање на асистент за вештачка интелигенција.

Сите предавални за одржување на наставата во факултетот се опремени со проектори. Друга опрема со која располага факултетот современо озвучен амфитеатар, печатачи, копири, лаптоп компјутери, современа мрежна инфраструктура која го покрива комплетниот објект со жичен и безжичен интернет.

